СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петото продолжение на Осумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 февруари 1998 година

Скопје, февруари 1998 година

**5 ( ПЕТТО ) ПРОДОЛЖНИЕ ОД 84-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ,ОДРЖАНА НА 4. II. 1998 ГОДИНА**

1. ТИТО ПЕТКОВСКИ -1...
   Ја води седницата ..

Дневен ред :


Точка 22, стр.1 - Автен.толк.
Точка 23, стр.2 - Автен.тоок.
Точка 24 ,стр.3 - одлука
Точка 25, стр.4 II
Точка 26, стр.4 II
Точка 27, стр.5 II
Точка 28, стр.5
Точка 29, стр.6
Точка 30, стр.7
Точка 31, стр.7
Точка 32, стр.8
Точка 33, стр.8
Точка 34. стр.9
Точка 55, стр. 9
Точка 36, стр.10 II
Точка 37, стр.10 II


- К Р А Ј -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на 84-та седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 4 февруари 1998 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Молам, пратениците да влезат во салата.

Дами и господа, продолжуваме со 84-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците: Илинка Митрева, Зоран Шапуриќ, Зоран Крстевски, Санде Давчев, Кенан Хасипи и Ѓорги Атанасов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува,

Дозволете ми во Ваше и мое име да му го честитам роденденот на нашиот колега Марјан Начевски и да му посакам добро здравје и многу успех во животот.

Минуваме на точката 22 од дневниот ред - Барање за давање автентично толкување на членот 32 став 2, точка 1 и 2 од Законот за царини, поднесено од Акционерското друштво "Технички гасови" – Скопје.

Барањето за автентично толкување, Извештајот на ЗПГ на Собранието Ви се доставени.

I/2.- СП/ЉР

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентично толкување на членот 32 став 1, точка 1 и 2 од Законот за царини, Службен весник на РМ" број 20 од 1993 година, број 63/95 и 15/97, поднесено од Акционерското друштво "Технички гасови" - Скопје, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на РМ.

Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието да се достави до АД "Технички гасови" - Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 23 - Барање за давање автентично толкување на член 17 став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа, поднесено од градоначалникот на Општина Зелениково.

Барањето за давање автентично толкување, извештајот на ЗПК на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

I/3.-

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за даваше автентично толкување на членот 17 став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа, "Службен весник на РМ" број 52/95, поднесено од градоначалникот на Општина Зелениково не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причини содржани во Извештајот на ЗПК на Собранието на РМ.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на ЗПК на Собранието да се достави до градоначалникот на Општина Зелениково.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (70)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (нема)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на 24-та точка од дневниот ред - Предлог за разрешување судија во Основниот суд во Гевгелија.

Предлогот на Републичкиот судски совет и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (72)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (нема)

Констатирам дека Собранието го разреши Тихомир Шуклев од Функцијата судија на Основниот суд во Гевгелија, поради остварување право на инвалидска пензија.

Минуваме на точката 25 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 65)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Минуваме на 26-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за нефрологија - Струга.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дали има некој против? (нема)

I/5.-

Кој е за, молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за рефнологија - Струга.

Минуваме на точката 27 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот,.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Унинорзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Минуваме на точката 28 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација "Медицински центар" - Тетово.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70)

Дали има против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација "Медицински центар" - Тетово.

Минуваме на точката 29 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравственана организација аптека "7 Ноември" - Гевгелија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дали има против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација аптека "7 Ноември" - Гевгелија.

I/7.-

Минуваме на точката 30 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Специјална детска болница" - Охрид.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (73)
Дали има против? (нема)
Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Специјална детска болница " - Охрид.

Минуваме на точката 31 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Куманово.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (72)

Дали има против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Куманово.

I/8.-

Минуваме на точката 32 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Струга.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70)

Дали има против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Струга.

Минуваме на точката 33 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација аптека "9 Ноември" - Велес.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали има против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на чле-

нови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација аптека "9 Ноември" - Велес.

Минуваме на точката 34 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Гоце Делчев" - Делчево.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68)

Дали има против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Гоце Делчев" - Делчево.

Минуваме на точката 35 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Крушево.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (73)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Крушево.

Минуваме на точката 36 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Градската општа болница "Моша Пијаде" - Клинка за хируршки болести.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (71)

Дали има против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Градската општа болница "Моша Пијаде "- Клиника за хируршки болести.

Минуваме на точката 37 - Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Свети Николе .

Предлогот на одлуката, Извештаите на работните тела, Ви се поделени.

I/11.-

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (72)

Дали има против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласниот на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Свети Николе.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 84-та седница на Собранието на Република Македонија.

Господа пратеници, сакам да ве замолам за едно разбирање имено, по овие неколку консултации што ги направивме со пратеничките групи во тек е подготвувањето на конечната верзија на Предлог декла-рацијата за соработка со Европската Унија, јас предлагам во меѓувреме додека се умножи, ако некоја пратеничка група не ја завршила работата во меѓувреме да ја заврши, а новата седница да започне во 14,00 часот, а во меѓувреме ќе Ви биде поделена Предлог декларацијата за да имате можност да ја погледате, таа е многу куса има само една страница,

(реакција од пратениците бараат седницата да продолжи во 14,30 часот).

добро, еве во 14,30 да продолжи седницата.

(Седницата заврши со работа во 13,35 часот).